Архивски број: 04- 1640/9.
Датум: 03-04-2025

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), државниот секретар на Министерството за финансии ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за избор за унапредување на административен службеник

1. По интерниот оглас број 1/2025 за унапредување на административен службеник во Министерството за финансии, објавен на веб страната на Министерството за финансии и Агенцијата за администрација, од предложената ранг листа за работното место Раководител на сектор за централно финансирање и склучување на договори, Сектор за централно финансирање и склучување на договори, се врши избор на следниот кандидат:

- Татјана Калиновчиќ Трајковска.

2. Државниот секретар на Министерството за финансии во рок од 5 дена по конечноста на одлуката, ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на оваа одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На веб страната на Министерството за финансии и Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас за унапредување на административен службеник во Министерството за финансии за работното место Раководител на сектор за централно финансирање и склучување на договори, Сектор за централно финансирање и склучување на договори.

Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници во Министерството за финансии, формирана со Решение бр. 04-1640/6 од 01.04.2025 година, спроведе административна селекција и изготви Записник заведен под бр. 04-1640/7 од 01.04.2025 година во кој е констатирано дека има аплицирано само еден кандидат, по што комисијата спроведе интервју и за истото состави Записник заведен под бр. 04-1640/8 од 01.04.2025 година.

Комисијата врз основа на бодовите од административната селекција и бодовите од интервјуто содржани во Записникот заведен под бр. 04-1640/8 од 01.04.2025 година, изготви

предлог одлука за избор на прво рангираниот и единствен кандидат и истата ја достави до државниот секретар.

Согласно со член 52 став 1 од Законот за административни службеници „Во рок од три дена од добивањето на предлогот секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, е должно да донесе одлука за избор“.

Согласно со член 52 став 6 од истиот закон „Секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на административниот службеник“.

Имајќи го во вид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена.

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатот;
- персоналното досие;
- Архивата на Министерството.

Државен секретар
д-р Андриана Матлиоска

Изработил: Mislime Xhekoviq
Контролирал: Kimet Kurtishi
Одобрил: Верица Стоилова
Лилијана Стојановска
Проверил: Михајло Михајловски